# ПОИМНИК ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

E4E@мк

Центар за стручно образование и обука
Qendra për Arsim Profesional dhe Trajnim
Vocational Education and Training Centre

Образование за вработување
во Северна Македонија

**Наслов:** Поимник за стручно образование и обука

**Издавач:** Центар за стручно образование и обука

Поимникот  за стручно образование и обука е изработен од страна на Центарот за стручно образование и обука, со експертска поддршка од м-р Роза Арсовска (ЦСОО), м-р Ардијана Исахи Палоши (ЦСОО) и м-р Ридван Зеќири (ЦСОО).

Швајцарскиот проект Образование за вработување во Северна Македонија - Е4Е@мк овозможи стручна и техничка поддршка при изработката на Поимникот за стручно образование и обука.

Ставовите изразени во овој документ се на авторите и не мора да се совпаѓаат со мислењата и со политиката на проектот, со тие на организациите што го имплементираат проектот, ниту со ставовите на донаторот.

**Дизајн:** Кома

**Лектор:** Маја Којчева

# ПРЕДГОВОР

*Почитувани корисници,*

„Поимникот за стручно образование и обука" што го имате пред Вас, претставува документ во кој се дефинирани клучните поими од областа на стручното образование и обука.

Поимникот служи како основа за заедничко и еднозначно разбирање на најчестите поими кои се применуваат во областа на стручното образование и обука. Преку него сакаме да ја намалиме разноликоста во толкувањето на исти поими од различните учесници во стручното образование, да ја намалиме двосмисленоста и да го подобриме квалитетот на комуникацијата во областа, како еден од факторите за квалитет и продуктивност во полето на стручното образование.

Поимникот е наменет да ги задоволи различните потреби на широк спектар корисници како што се: креаторите на образовни политики, лицата кои секојдневно и професионално работат во областа на стручното образование и обука, како и лицата кои во даден момент имаат потреба да ги прошират знаењата за одредени поими.

При изготвувањето на поимникот авторскиот тим консултираше домашна и меѓународна литература и законски документи од повеќе релеванти извори, со цел објаснувањето на поимите да соодветствува на образовната традиција, глобализацијата и следењето на европските и светските трендови во развојот и унапредувањето на системот на стручно образование.

Поимникот вклучува дефиниции на популарни и стари поими, но и обновени и проширени поими, со што овој поимник станува достапна образовна помош за сите оние кои директно или индиректно се вклучени во образовниот систем и пошироко.

Посакувам документот да ги задоволи индивидуалните и општествените потреби!

В.Д. ДИРЕКТОР

*м-р Ардијана Исахи Палоши*

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 1 | **АКРЕДИТАЦИЈА** | Формално признавање и овластување на институциите/установите дека се подготвени за извршување на одредена функција, дејност или давање услуги врз основа на утврдени докази дека истата ги исполнила однапред дефинираните стандарди за квалитет. |
| 2 | **АКУМУЛАЦИЈА НА КРЕДИТИ** | Процес во кој ученикот/учесникот стекнува кредити со успешно завршување на делови од образовната програма и така постепено стекнува компетенции кои одговараат на одредена квалификација. Акумулацијата на кредити е посебно важна за образовните програми во чии рамки напредокот не се мери со годините на образование, туку со трајноста на стекнатите компетенции/вештини. |
| 3 | **АЛОКАЦИЈА НА КРЕДИТ** | Процес на доделување на одреден број на кредити на една квалификација/програма или на други образовни компоненти. |
| 4 | **АНАЛИЗА НА ЗАНИМАЊЕТО** | Еден од облиците за анализа на работата и работните задачи на едно или повеќе сродни и меѓусебно поврзани работни места, што може да ги реализира едно лице кое има соодветни знаења, вештини и способности. Анализата дава информации за состојбите во стопанството/индустријата или секторите, во однос на човечките ресурси и можноста за напредување во струката. Резултатите од анализата на занимањата може да се користат за подготовка на стандарди на занимања, квалификации, наставни планови и програми. |
| 5 | **АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД** | Процесот на анализа вообичаено е во форма на анкетно истражување, преку кое се опишуваат, оценуваат и утврдуваат потребите и понудата на пазарот на трудот, на лица со одредени квалификации за вработување. |

B

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 6 | **ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНО И ИНФОРМАЛНО УЧЕЊЕ** | Процес кој означува низа постапки во насока на идентификување, документирање и оценување на стекнатите знаења, вештини и компетенции во неформалното и информалното учење, со цел издавање на јавен документ од овластена институција во согласност со однапред дефинирани и прифатени критериуми и стандарди. Процес кој се фокусира на поединецот и неговото знаење, вештини и компетенции. |
| 7 | **ВЕРИФИКАЦИЈА** | Процес на утврдување на вистинитоста на некое тврдење, нејзино потврдување. Во контекст на образованието тоа е процес на осигурување квалитет на установа и/или програма со што се потврдува дека установата односно програмата, проверена од релевантни професионални институции според законски регулативи, ги исполнила условите или критериумите наведени во дефинираните стандарди. |
| 8 | **ВЕРТИКАЛНА ПРООДНОСТ** | Продолжување на образованието на повисоко ниво на квалификации во образовниот систем, со што се овозможува напредување до највисоко ниво во образовниот систем. |
| 9 | **ВЕШТИНА** | Способност за примена на знаење, извршување задачи и решавање проблеми. Вештините се опишани како когнитивни (вклучување на употреба на логичко, креативно и интуитивно мислење) и практични (мануелна работа и употреба на методи, инструменти, алати и материјали).<br>Вештината е една од етапите и е предуслов за стекнување навика. |
| 10 | **ВРАБОТЛИВОСТ** | Поседување на одредени формални и неформални квалификации кои го сочинуваат потенцијалот на личноста за наоѓање, одржување и менување на работното место. |
| 11 | **ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Процес на собирање податоци за тоа колку учениците се приближуваат кон посакуваните достигнувања, дали и како ја сфатиле наставната содржина, модуларна единица, дали ги достигнуваат посакуваните резултати преку учење, колку се самостојни во вршењето на стручната работа. Овој процес има функција на дијагностика и формативност за учениците, наставникот и менторот да можат да добиваат информации за напредувањето на учениците. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 12 | **ДЕФИЦИТАРНИ ЗАНИМАЊА** | Занимања за кои пазарот на трудот има потреба, а понудата не ги задоволува нивните барања. |
| 13 | **ДИФЕРЕНЦИЈАЛЕН ИСПИТ** | Испит од наставен предмет или област кој ученикот не го изучувал или го изучувал/учел во недоволен обем, со чие полагање ученикот може да го продолжи образованието во друга струка/сектор или профил/квалификација за кое тие предмети се неопходни за понатамошно редовно следење на образованието. |
| 14 | **ДНЕВНИК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА** | Задолжителен документ за ученикот во кој тој ги опишува секојдневните активности и нивната содржина за време на реализацијата на практичната обука. |
| 15 | **ДОГОВОР ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА** | Документ во кој се регулираат правата и одговорностите на сите учесници (работодавачот, ученикот/родителот или старателот и установата за стручно образование) кој се потпишува пред започнување со реализација на практичната обука кај работодавач. |
| 16 | **ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ** | Учење на поединецот во текот на животот што има за цел подобрување на знаењата, вештините и компетенциите поради лични, граѓански, општествени или професионални причини.<br><br>Тоа ги вклучува сите форми и видови на активности на учење: формално, неформално и информално. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 17 | **ДОКВАЛИФИКАЦИЈА** | Дообразование, односно обновување и/или надополнување на знаењето во рамките на истиот сектор/струка. По пат на доквалифи- кација се добиваат дополнителни специфични компетенции кои може да водат кон можноста за извршување на помошни и дополнителни дејности. |
| 18 | **ДОПОЛНИТЕЛЕН ИСПИТ** | Учениците го полагаат при премин од еден во друг образовен профил/квалификација. Дополнителниот испит се полага за оние предмети кои учениците ги учеле во помал обем во училиштето од кое доаѓаат. |
| 19 | **ДУАЛЕН ОБЛИК НА ОБРАЗОВАНИЕ** | Заедничко реализирање на образованието од страна на училиштата и претпријатијата, односно работодавачите. Постојат одредени пропишани права и обврски за ученикот (родителот/старателот), училиштето и претпријатието регулирани со меѓусебен договор. |
| 20 | **ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ** | Стручното образование се реализира на две места за учење. Во стручните училишта се учи теорија, а кај работодавачите се врши обука за практичните содржини. Доаѓа до заедничко дејствување на два правно одвоени носители на образование, без да постои единица на управување која е над нив, а одговорноста за создавање на компетентни кадри за пазарот на труд е одговорност на двата правни субјекти. |

E

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 21 | **Е - УЧЕЊЕ/ ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ** | Учење кое се спроведува со користење на елекстронски медиуми, вообичаено преку интернет. Тоа може да опфати различни форми и хибридни методи: употреба на софтвер, платформи и системи за менаџирање на учењето, 'CD-ROM', „on-line" учење или кој било електронски или интерактивен медиум. |
| 22 | **ЕВРОПСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ, ЕРК** <br><br> **(EUROPEAN QUALIFICATIONS FRAMEWORK, EQF)** | Заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различните земји и претставува инструмент за препознавање и разбирање на квалификациите. |
| 23 | **ECVET/ЕКТС (ЕВРОПСКИ КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА)** | Техничка рамка за трансфер, потврдување таму каде што е соодветно и акумулација на резултатите од учењето на поединци за постигнување на квалификација. Алатките на ECVET и неговата методологија се состојат од опис на квалификации со единици на резултати од учењето со соодветни кредити, трансфер и процес на акумулација и комплементарни документи какви што се: договорите за учење, преписите од досиејата и прирачниците за користење на ECVET. |

3

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 24 | **ЗАВРШЕН ИСПИТ** | Се полага со завршување на образовниот циклус при што се проверуваат постигнатите знаења, способности и вештини на ученикот (компетенциите) за да се утврди конечното постигнување. Овој испит е наменет за учениците/учесниците кои завршуваат четиригодишно стручно образование, а кои нема да полагаат државна матура, како и за учениците/учесниците кои завршуваат тригодишно стручно образование. Испитот се полага според испитни програми кои се темелат на целите и резултатите од учење на наставните програми за соодветните наставни предмети. |
| 25 | **ЗАНИМАЊЕ** | Збир (сет) на работи и задачи кои по својата содржина и вид се толку организациски и технолошки сродни и меѓусебно поврзани што може да ги извршува едно лице кое поседува соодветни знаења, вештини и способности.<br><br>Според Меѓународната организација на трудот (ILO), занимањето претставува низа на работи чии главни задачи и должности ги обележува висок степен на сличност.<br><br>Поимите занимање и професија се поистоветуваат. Суштинска разлика меѓу нив е: Занимањето е тоа што се работи на работно место, а професија е тоа што пишува во јавната исправа (свидетелство, диплома, сертификат). |
| 26 | **ЗНАЕЊЕ** | Знаењето е резултат од акумулација на информации преку учење. Тоа се факти, принципи, теории и практики поврзани со област на студии или работа. |

| # | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 27 | **ИНИЦИЈАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ** | Општо и/или стручно образование што поединецот го стекнува во рамките на системот за образование, по правило пред влез во светот на трудот. |
| 28 | **ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | Право на образование на секоја индивидуа во текот на целиот живот, право на децата со посебни образовни потреби на вклучување во редовна настава. Инклузивното образование се води од принципот дека разликите помеѓу луѓето се нормални и дека образованието треба да биде во согласност со потребите на сите деца. Без разлика дали способностите на детето одговараат на пропишаните норми, училиштето треба да ги прифати сите деца независно од нивните физички, интелектуални, социјални, емотивни, јазични и други карактеристики. За реализација на ваков вид образование се подготвуваат индивидуализирани програми. |
| 29 | **ИНТЕГРИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ** | Образование на децата и младината од сите етнички заедници во мултиетничка средина заради нивно подготвување за живот во мултиетничко општество. Тоа претставува образование каде заедно и под исти услови и наставни програми учат сите ученици со различна етничка припадност – во контекст на нашата држава.<br><br>Во поширок контекст, интегрираното образование е модел на образование каде се прават напори ученикот да се вклопи во постоечкиот систем на образование (што е спротивно на инклузија). Во интегрираното образование, во центарот на вниманието е реализацијата на наставните програми и постигнувањата на учениците на училишно ниво, а самото внимание не е насочено кон специфичните можности, знаења и интереси на ученикот. |
| 30 | **ИНФОРМАЛНО УЧЕЊЕ** | Произлегува од дневниот ангажман на човекот без разлика дали е во рамките на работното место, семејството, општествениот живот или слободните активности, односно тоа е искуствено, случајно итн. Во поглед на целите, временското планирање и ресурсите, тоа не е структурирано и организирано учење, и традиционално не води до сертификат. |
| 31 | **ИСПИТНА ПРОГРАМА** | Јавен документ каде се дефинирани образовните излези (знаењата, вештините и способностите) за одреден наставен предмет или област, кои учесниците ги стекнуваат и развиваат во текот на образованието, а треба да ги докажат за време на реализацијата на испитот. Образовните излези (знаењата, вештините и способностите) во испитните програми се темелат на целите/резултатите од учењето и критериумите за вреднување на постигањата на учениците за соодветните наставни предмети или подрачја. |

| ПОИМ | | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 32 | **КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ** | Услуги со кои им се помага на луѓето да ги дефинираат сопствените цели и аспирации, да го разберат својот идентитет, да спроведуваат истражувања за да донесуваат правилни одлуки. Советувањето ги охрабрува луѓето на дејствување и промени и им помага во управувањето со нивните професии и кариери. |
| 33 | **КАРИЕРНО УНАПРЕДУВАЊЕ** | Континуиран процес каде наставниците и стручните соработници учествуваат во различни активности и со докази пополнуваат свое портфолио, сè со цел да стекнат услови за напредување и добивање на едно од повисоките звања. |
| 34 | **КВАЛИФИКАЦИЈА** | Формален резултат од процесот на оценување со осигуран квалитет, кој води до диплома/сертификат. Претставува официјално признавање на вредноста на резултатите од учењето на пазарот на трудот и/или во образованието и обуката. Се добива кога надлежна институција ќе утврди дека поединецот ги постигнал резултатите од учењето (степенот на компетенции) според утврдените стандарди. |
| 35 | **КВАЛИФИКАЦИЈА НА НИВО НА ОБРАЗОВАНИЕ** | Се стекнува со завршување на образование со јавно донесени образовни програми и достигнувања на излезните резултати од истите, по извршена проверка пропишана со закон. Квалификациите, според опфатот на општото и стручното знаење и на компетенциите, овозможуваат личен и професионален развој, односно можност за продолжување на образованието или за вклучување на пазарот на трудот (вработување). |
| 36 | **КЛАСЕН ИСПИТ** | Полагаат ученици кои на крајот од наставната година останале неоценети по еден или повеќе предмети. Во зависност од програмата, испитот се полага усно и писмено или само усно. Притоа, ученикот мора да ги заврши и останатите обврски кои произлегуваат од програмата (лабораториски вежби, практична обука и др.). |
| 37 | **КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊА** | Задолжителен национален стандард кој се употребува при евиденција, собирање, анализа и искажување на податоци, потребни за следење на состојбата и движењето на пазарот на трудот. Класификацијата на занимањата се употребува за сврстување на работите во занимањата во званичните, односно административните збирки на податоци (евиденција, регистри, збирки на податоци). Класификацијата на занимањата во одредени земји се базира на меѓународната стандардна класификација на занимања ISCO-88. |

а б в г д ѓ е ж з ѕ и ј к л љ м н њ о п р с т ќ у ф х ц ч џ ш

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 38 | **КЛУЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ** | Збир од компетенции на одредено ниво, кои се потребни за да се задоволат личните, општествените и професионалните потреби на поединецот во процесот на доживотно учење. Постојат осум клучни компетенции: комуникација на мајчин јазик, комуникација на странски јазик, математичка, техничка и научна компетенција, граѓанска свест, информатичко-технолошка компетенција, претприемништво, учење да се учи и културно изразување. |
| 39 | **КОМПЕТЕНЦИЈА** | Збир од конкретни знаења, вештини, ставови и способност за нивна примена во вообичаена и/или променлива работна ситуација. Преносклив мултифункционален пакет знаења, вештини и ставови кои му се потребни на поединецот за да изврши определена задача во рамките на своето занимање, лично исполнување, развој и инклузија. |
| 40 | **КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ** | Механизми или збир од методологии со кои се потврдува дека квалитетот е осигуран, и посакуваниот излезен резултат (производ или услуга) одговара на однапред одредени критериуми. |
| 41 | **КРЕДИТ-СИСТЕМ** | Систем за акумулирање на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето и процесите на учење.<br><br>На корисниците им дава информации за вредноста на квалификацијата во смисла на обемот на времето кое е потребно за нејзино стекнување. Еднаш стекнат кредит може да се користи за стекнување на повеќе квалификации на исто ниво, кои имаат заеднички модуларни единици/модул. Тој овозможува постапност во стекнувањето квалификација, така што корисниците може да стекнуваат одредени единици од квалификацијата (кои претставуваат делови од квалификацијата) според нивните можности и потреби, и така, постапно може да ја заокружат квалификацијата која сакаат да ја стекнат. Дел од некоја квалификација може да биде заеднички за повеќе квалификации и со стекнувањето на делот се смалува потребното време за стекнување на друга квалификација.<br><br>Во меѓународен контекст кредит системот овозможува лесна споредливост со исти или слични делови на квалификации или квалификација во други земји и нивно признавање. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 42 | **КРЕДИТНО ВРЕДНУВАЊЕ** | Процес на утврдување на обемот на делот од квалификацијата или на целосната квалификација преку доделување одреден број на кредити кои се во директна корелација со времето кое е потребно лицето со просечни можности за учење да ги совлада предвидените содржини за стекнување на знаења, вештини и компетенции.<br><br>Кредитното вреднување на квалификацијата ја прикажува квантитативната вредност на квалификацијата и ја одразува вкупната количина вложен труд за усвојување на програмата за учење за достигнување на одреден обем на квалификација. |
| 43 | **КРИТЕРИУМ** | Детално одредување на елементите врз основа на кои се донесува проценка. Критериумите имаат важност во евалуацијата и осигурувањето на квалитетот. |
| 44 | **КРИТЕРИУМСКО ОЦЕНУВАЊЕ** | Оценување во кое постигнувањата на учениците се оценуваат и вреднуваат преку нивно споредување со официјално поставените воспитно-образовни програмски цели или барања. Тие барања се сметаат за образовни стандарди или критериуми што ги пропишува државата за одредена возраст (одделение, клас, предмет). |

а б в г д ѓ е ж з ѕ и ј к л љ м н њ о п р с т ќ у ф х ц ч џ ш

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 45 | **МАЈСТОР -ЗАНАЕТЧИЈА** | Титула за занаетчија која се стекнува со положен мајсторски испит кој е државно признат, со што постои можност за самостојно водење дуќан и примање на ученици на практична обука.<br><br>Највисоко ниво на занаетчија во групата на занаети, кој има највисоко ниво на стручност и квалификација. |
| 46 | **МАЈСТОРСКИ ИСПИТ** | Државно признат испит, кој според посебни услови можат да го полагаат и работодавачи и работници вработени кај работодавачот, а и невработени кои сакаат да ги усовршат своите квалификации.<br><br>Според Македонската рамка на квалификации, лицето кое го полага овој испит се здобива со диплома од (V–Б) ниво на квалификација – постсредно образование. |
| 47 | **МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ (МРК)** | Национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Северна Македонија и инструмент за воспоставување систем на квалификации стекнати во државата со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите. |
| 48 | **МАТУРА** | Испит кој се реализира на крајот од средното четиригодишно образование, со кој се идентификуваат, признаваат и потврдуваат постигнувањата на учениците. Вообичаено овозможува пристап до високото образование. |
| 49 | **МЕНТОР КАЈ РАБОТОДАВАЧ** | Стручен кадар кој ја планира, организира и реализира практичната обука во реални услови (компанија или други институции и установи). Менторот за практична обука споделува искуства и му пренесува знаења и вештини на ученикот, му врши надзор и обука на ученикот во реални услови, го насочува ученикот кон професионален однос на работното место.<br><br>Во компаниите се среќаваат два вида на ментори: ментор за учење преку работа и ментор-инструктор на работно место. |

а б в г д ѓ е ж з ѕ и ј к л љ **м** н њ о п р с т ќ у ф х ц ч џ ш

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 50 | **МЕНТОРСТВО** | Комплексен, интерактивен процес кој се одвива помеѓу индивидуите со различно ниво на искуство и стручност, во кое стручњакот му дава поддршка на својот колега за да биде поефикасен во работата и да придонесе и тој за остварување на целите на установата во која работи.<br><br>Менторството подразбира партнерски однос помеѓу менторот и менторираниот. Крајната цел е професионален развој и напредување во кариерата. |
| 51 | **МОБИЛНОСТ НА РАБОТНА СИЛА** | Можност поединецот/лицето намерно или самоволно да премине во ново работно, образовно, општествено и др. опкружување, да се прилагоди и успее во него. Мобилноста може да биде географска (во иста земја или во друга) или функционална (премин на нова функција во компанија или установа). Во смисла на насоката, мобилноста може да биде хоризонтална или вертикална. Овозможувањето на мобилноста е една од главните работи во европската политика. |
| 52 | **МОДУЛ** | Специфичен, интегрален пакет на учење кој овозможува постигнување на одредени компетенции. Тој може да биде релативно независна самостојна единица на учење и како таква може да се организира и стекнува самостојно или во рамките на пошироки програмски, односно организациски целини. Се проектира (дизајнира) врз основа на сродни и комплементарни принципи, а со својата структура обезбедува стекнување на разновидни знаења и компетенции, развој на сет вештини и меѓудисциплинарно и меѓупредметно поврзување на различни содржини.<br><br>Во нашиот образовен систем тој претставува предмет или група предмети. |
| 53 | **МОДУЛАРНИ ЕДИНИЦИ** | Помала организациска целина, која може да се реализира за време од еден или неколку часа. Во нашиот образовен систем тој се поистоветува со тематска целина. |

а
б
в
г
д
ѓ
е
ж
з
ѕ
и
ј
к
л
љ
**м**
н
њ
о
п
р
с
т
ќ
у
ф
х
ц
ч
џ
ш

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 54 | **НАСТАВА НА ДАЛЕЧИНА** | Пренос на знаења и вештини каде ученикот и наставникот се исклучиво или претежно просторно одвоени, а наставникот или неговиот претставник го надгледува успехот во учењето. Нивната врска се воспоставува користејќи ја технологијата. По пат на далечинско учење може да се добијат квалификации, но може да се постигнат и индивидуалните цели на образованието и од општо и од стручно образование, следејќи ја филозофијата на доживотното учење. |
| 55 | **НАСТАВНИК – КООРДИНАТОР ЗА УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА** | Лице кое врши координација меѓу сите учесници во стручното образование, особено училиштето и работодавачите и има клучна улога во планирањето, организацијата, реализацијата и поддршката при соработката помеѓу училиштата и бизнис-заедницата и реализацијата на УПР. |
| 56 | **НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊА** | Документ што се употребува при евидентирање, прибирање, обработка, анализа и искажување на податоците потребни за следење и движење на пазарот на трудот, како и за разместување на работите во занимањата во административните збирки на податоци и при статистичка обработка. |
| 57 | **НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ (НРК)** | Единствена, национално и меѓународно прифатена рамка. Инструмент за воспоставување на квалификации што се стекнуваат во формалното и неформалното образование и обука на сите нивоа на образование во определена земја, со која се создава основа за јасноста, пристапувањето, проодноста, стекнувањето и квалитетот на квалификациите. |

а
б
в
г
д
ѓ
е
ж
з
ѕ
и
ј
к
л
љ
м
**н**
њ
о
п
р
с
т
ќ
у
ф
х
ц
ч
џ
ш

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 58 | **НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ** | Организиран процес на учење насочен кон оспособување за работа, за различни социјални активности и личен развој. Се одвива во и надвор од образовните институции и е наменет за сите лица без разлика на нивната возраст. Неформалното образование може да има различно времетраење, и може, но и не мора, да биде гарантирано со сертификат за наученото. |
| 59 | **НЕФОРМАЛНО УЧЕЊЕ** | Учење кое се постигнува преку организирана активност на учење со цел да се унапредат знаењата, вештините и компетенциите, како и општествените и професионалните потреби. Неформалното учење е структурирано (во смисла на целите на учење, времето или поддршката при учење) и содржи важни елементи од учењето. Од аспект на оној што учи е целно и се одвива со негова намера. |
| 60 | **НИВО НА КВАЛИФИКАЦИЈА** | Сложеност и опфат на стекнатите компетенции кои се опишуваат со низа мерливи показатели, искажани преку знаења, вештини и компетенции (резултати од учењето). Нивоата не се стандарди самите по себе, но укажуваат на одреден опфат/ширина и се опишуваат според одреден редослед. Овие описи претставуваат основа на НРК. |

а
б
в
г
д
ѓ
е
ж
з
ѕ
и
ј
к
л
љ
м
**н**
њ
о
п
р
с
т
ќ
у
ф
х
ц
ч
џ
ш

0

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 61 | **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ** | Мерки кои се преземаат за квалитетна реализација на воспитно–образовниот процес, преку понудени соодветни образовни програми, изведување квалитетна настава, користење на материјално-техничка опрема и соодветна кадровска екипираност на образовните установи. Обезбедувањето квалитет се врши од самата установа, основачот на установата и образовните институции.<br>Припаѓа на делот на управување со квалитетот фокусиран на исполнување на барањата за квалитет. |
| 62 | **ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ** | Научно заснована, перманентна и флексибилна дејност од образовен и воспитен карактер, насочена кон задоволување на образовните потреби на возрасните. Ги вклучува сите облици на учење на возрасните.<br><br>Образованието на возрасни е наменето за различни целни групи: невработени лица без квалификација или со квалификација, која не е конкурентна на пазарот на труд, вработени лица, лица кои го имаат напуштено образованието пред да се стекнат со квалификација.<br><br>Возрасните можат да стекнат квалификација на одредено ниво на образование (формално образование) во согласност со прописите кои ја уредуваат оваа област. За возрасните во делот на формалното образование се изготвуваат прилагодени наставни програми, додека за неформалното образование се подготвуваат посебни програми. |

а
б
в
г
д
ѓ
е
ж
з
ѕ
и
ј
к
л
љ
м
н
њ
**о**
п
р
с
т
ќ
у
ф
х
ц
ч
џ
ш

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 63 | **ОБРАЗОВЕН ПРОФИЛ** | Збир од сродни занимања кои се групирани според компетенциите потребни за одредена квалификација. |
| 64 | **ОБРАЗОВЕН СЕКТОР/СТРУКА** | Највисока форма на групираност на образовниот процес во стручното образование. Претставува збир од повеќе сродни квалификации, односно образовни профили. |
| 65 | **ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА (КУРИКУЛУМ)** | Национално прифатен документ врз основа на кој се реализира образование, во согласност со посебни прописи.<br><br>Се состои од општ и посебен дел.<br><br>Општиот дел опфаќа: назив на програмата, наставен план, цели и задачи на образованието и воспитанието, услови за упис, односно вклучување во програмата, траење на образованието и квалификација која се стекнува.<br><br>Посебниот дел опфаќа: програми за наставен предмет, испитни програми (стандарди), проверување и оценување на учениците, услови за напредување и завршување на образовната програма, начин на прилагодување на програмите за учениците со посебни потреби. |
| 66 | **ОБРАЗОВНИ СТАНДАРДИ** | Ниво на услови и барања поврзани со различни фази на образовниот процес и однос помеѓу тие фази, како што се влезот, процесот и излезите. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 67 | **ОБУКА** | Подучување и помагање на учесниците во процесот на стекнување компетенции за вршење на конкретни работи и работни задачи. Се подразбира како:<br>➲ Помагање на другите при учење и совладување знаење;<br>➲ Давање информации со цел стекнување знаења како и обезбедување погодни околности и услови за ефикасно учење. |
| 68 | **ОНЛАЈН НАСТАВА** | Синхронизирана настава под директно водство на наставникот, базирана на користење интернет и електронски и дигитални средства. |
| 69 | **ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ** | Постојан процес на вреднување (оценување, следење, одржување и подобрување) на квалитетот на образованието, установите и образовните програми. Процесот е поврзан со контрола на квалитетот. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 70 | **ПАЗАР НА ТРУД** | Рамка, каде понудата и побарувачката за вработување се во динамична интеракција со понудата и побарувачката на работна сила. |
| 71 | **ПАРЦИЈАЛНА КВАЛИФИКАЦИЈА** | Дел од квалификација која се стекнува со програми за усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето кои водат кон стекнување на целосна квалификација.<br><br>Претставува оспособеност за вршење на одредени работи и функции во рамките на едно занимање, односно оспособеност за конкретно работно место. |
| 72 | **ПОПРАВЕН ИСПИТ** | Полагаат ученици кои на крајот од наставната година имаат една или две негативни оцени и се полага во училиштето каде ученикот посетува настава. Се полага во јунски и августовски испитен рок. |
| 73 | **ПОСЕБНИ ПРОГРАМИ** | Програми за неформално образование за стекнување на знаења, вештини и компетенции. |
| 74 | **ПОСТСРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | Интегрален дел од системот на стручното образование кое следи по завршување на средното образование и кое обезбедува стекнување на продлабочени знаења, вештини и компетенции за работа со посложена технологија, за организирање на работата, за раководни функции на прво ниво, за менторство и за специјализирани висококвалитетни услуги. Според Македонската рамка на квалификации, тоа обезбедува петто ниво на стручни квалификации. |
| 75 | **ПРАКТИКАНТСТВО** | Работна активност којашто вклучува компонента на работа преку учење и здобивање на практични работни вештини и се реализира во ограничен временски период, со цел стекнување на практично и професионално искуство, за да се подобри вработливоста и да се помогне преминот кон редовно вработување. |

а б в г д ѓ е ж з ѕ и ј к л љ м н њ о **п** р с т ќ у ф х ц ч џ ш

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 76 | **ПРАКТИКАНТ** | Лице кое врши практикантска работа кај работодавач со цел да се стекне со практични знаења и вештини што ќе му помогнат да ја подобри вработливоста на пазарот на трудот. Потребата од практикант работодавачот ја обезбедува по пат на јавен оглас, којшто содржи информации за условите за практикантската работа согласно Законот за практикантство. |
| 77 | **ПРАКТИЧНА НАСТАВА** | Организирана училишна форма на практична обука во која се реализираат дефинирани дидактички работни задачи кои претставуваат карактеристични работи и работни задачи за образовниот профил/квалификацијата. Таа е програмирана и може да се организира во училишни кабинети, работилници, лаборатории, училишната економија, училишната реална компанија, претпријатијата, кај социјалните партнери и во партнер-училиштата. |
| 78 | **ПРАКТИЧНА ОБУКА** | Збир на практични активности за стекнување компетенции потребни за извршување конкретни работи и работни задачи кои се програмираат според карактерот на образовниот профил. Обуката на ученикот му овозможува, како во училиштето/установата за стручно образование така и кај работодавачот, стекнување и развивање знаења, вештини и способности за вработување, односно општи и професионални компетенции за постапно вклучување во процесот на трудот. Може да се организира во различни облици: практична настава, феријална практика, учење преку работа, професионална практика. |
| 79 | **ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧ** | Дел од практичната обука каде ученикот работи кај работодавач и извршува работни задачи соодветни на неговата возраст и според утврдена наставна програма. При извршување на поставените работни задачи, ученикот има помош од обучен вработен кај работодавачот/ментор. Ученикот може да работи на повеќе работни места, кај еден или повеќе работодавачи. |
| 80 | **ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА** | Образование и оспособување за друго занимање, за исто или пониско ниво на образование, поради вработување. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 81 | **ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ** | Способност за користење на знаењата, вештините и искуствата стекнати за време на средното образовние за флексибилно и ефикасно задоволување на потребите на пазарот на трудот. |
| 82 | **ПРООДНОСТ** | Можност на менување и продолжување на веќе започнатите патишта на образование. Постои вертикална и хоризонтална проодност. |
| 83 | **ПРОФЕСИЈА** | Интелектуална или мануелна дејност која се обавува во форма на постојано занимање и служи како извор на редовни приходи, а за која вообичаено е потребна јавна исправа (свидетелство, диплома) од соодветна област. Се користи и терминот - звање. |
| 84 | **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ** | Континуирано унапредување во работата, проширување и продлабочување на усвоените компетенции, со цел воспоставување стратешко ниво во работата со што наставникот ќе стане примерен на работното место, заедницата и пошироко. |
| 85 | **ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА** | Индивидуално советување при изборот на занимање според желбите, интересот и способностите на лицата за одредено занимање и потребите и можностите на пазарот на трудот.<br><br>Професионалната ориентација ги подразбира услугите при избор на занимање/вид на образование/обука по пат на тестирање и разговор, информирање за потребите од одделни занимања, како и можностите за секое занимање. |
| 86 | **ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА** | Облик на практична обука која е застапена во струките/секторите и образовните профили/квалификации кои се карактеризираат со сезонска работа во производствениот процес. Таа се реализира во текот на наставната година во денови кога сезонската работа во производството им овозможува на учениците непосредно вклучување во производствениот процес. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 87 | **РАБОТНО ОСПОСОБУВАЊЕ** | Оспособување кое трае од еден ден до шест месеци и е наменето за конкретно работно место и/или дејност при што лицето се оспособува за вршење на одредени задачи, постапки, процеси, операции и сл. По ова оспособување кандидатите се стекнуваат со сертификат. |
| 88 | **РАБОТОДАВАЧ** | Правно и физичко лице (занаетчија) како и друг субјект (орган на државна власт, орган на единица на локална самоуправа, подружница на странско друштво) кои вработуваат работници врз основа на договор за вработување. Работодавачот има своја организација, фирма или компанија која вработува и ангажира работници и место каде учениците стекнуваат компетенции преку квалитетна практична обука во работен процес, а за што е потребно да потпишат меморандум за соработка со училиштето. |
| 89 | **РЕГИОНАЛНИ ЦЕНТРИ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА** | Установи насочени кон остварување и докажување на висок степен на специјализација што води кон препознавање на нивната извонредност на национално и меѓународно ниво. Тие опфаќаат формално образование, неформалното образование и валидација на неформалното и информалното учење.<br><br>Наменети се за стручно образование, оспособување и обука на младите и возрасните, а насочени се кон економскиот раст и развој на регионот преку брзо реагирање на потребите на стопанството и пазарот на труд за мобилна и флексибилна работна сила и квалитетно задоволување на потребите од знаења, вештини и компетенции, како за вработените така и за невработените. |
| 90 | **РЕГИСТАР ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА** | Претставува систематизиран преглед на верифицирани работодавачи кои можат да вршат практична обука за учесници и кои ги исполнуваат условите во однос на простор, опрема и соодветен кадар. Водењето на регистарот се прави од комората. |
| 91 | **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ** | Збир на знаења, вештини и/или компетенции што поединецот ги стекнал и/или е во состојба да ги демонстрира по завршувањето на процесот на учење, по формален, неформален или информален пат. Изјави за она што ученикот го знае, разбира и може да го направи по завршување на процесот на учење, што се дефинирани во смисла на знаење, вештини и компетенции.<br><br>Резултатите од учење се точни и јасни описи на она што индивидуата знае, разбира и умее да направи по завршувањето на процесот на учењето. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 92 | **СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИКОТ** | Процес на собирање, проценување и интерпретирање на информациите за постигнувањата на учениците кои што укажуваат на степенот и квалитетот на усвоените знаења, стекнатите умеења и вештини, како и за начинот на кој ученикот ги стекнал овие знаења, вклучувајќи и информации за развојот на личноста на ученикот во тековниот период. |
| 93 | **СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** | Здруженијата, коморите, синдикатите и останатите субјекти кои ги претставуваат интересите на работниците и работодавачите, кои во соработка со органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа учествуваат во реформите, развојот и реализацијата на стручното образование и обука. |
| 94 | **СПОСОБНОСТ** | Особина или диспозиција за која се претпоставува или е емпириски утврдено дека учествува во детерминацијата на успехот на поединецот во односот со физичката и социјалната околина. Способностите, обично, се поделени на три основни групи: афективни, психомоторни и когнитивни. |
| 95 | **СТАНДАРД НА ЗАНИМАЊЕ** | Стручен документ кој го содржи описот на работните активности (работи, задачи, должности, функции) што се извршуваат во рамките на одредено занимање и описот на работните компетенции (знаења, умеења, вештини, способности) неопходни за ефикасна работна активност и соодветен учинок во занимањето. |
| 96 | **СТАНДАРД НА КВАЛИФИКАЦИЈА** | Опис на квалификација која ја претставува содржината и структурата на една квалификација. Тоа е документ кој ги вклучува сите податоци потребни за одредување ниво, обем и припадност на одреден сектор како и податоци потребни за осигурување и промовирање на висок квалитет на квалификацијата. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 97 | **СТРУЧНА КВАЛИФИКАЦИЈА** | Работна, односно стручна оспособеност за извршување на одредено занимање или на дел од занимањето што се стекнува врз основа на верифицирани делови од образовна програма.<br><br>Формален назив за збир од компетенции на определено ниво кои се докажуваат со јавна исправа, издадена од овластена установа. |
| 98 | **СТРУЧНА КОМПЕТЕНЦИЈА** | Способност и спремност за ефикасно и одговорно водење на една професија, една функција или неколку задачи, поседувајќи ги потребните знаења, вештини, навики, ставови и вредности.<br><br>Покажани можности на поединецот да ги задоволи барањата на специфичните работни задачи. |
| 99 | **СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЗАНИМАЊЕ** | Вид на стручно образование во траење од три години што е наменето за влез на пазарот на трудот. |
| 100 | **СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ** | Посебно ниво во рамките на стручното образование во траење до една до две години што е наменето за работа со ониски барања и што дава практични знаења и вештини за различни подрачја на трудот. |
| 101 | **СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ** | Облик на образовен процес спроведен на индивидуален или групен начин (стручен испит, семинари, обуки и сл.), со цел стекнување компетенции кои не се стекнати во иницијалното образование, а придонесуваат за оспособување за изведување на целокупната работа и сите поединечни работи и работни задачи.<br><br>Насочен кон следење на промените во соодветните научни области и области на работата и следење на новите сознанија во педагошките и психолошките науки, а особено во методиката на воспитно-образовната работа. |

а
б
в
г
д
ѓ
е
ж
з
ѕ
и
ј
к
л
љ
м
н
њ
о
п
р
**с**
т
ќ
у
ф
х
ц
ч
џ
ш

T

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 102 | **ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ** | Вид на стручно образование каде учениците стекнуваат и практикуваат вештини потребни за работа и каде се врши примена на науката и технологијата. Со ова образование првенствено се подготвуваат кадри за вработување во сите сфери на трудот, но и за продолжување на образованието. Техничкото образование трае четири години. |
| 103 | **ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА КВАЛИФИКАЦИЈА** | Видливост, разбирливост и јасна дефинираност на квалификацијата со што се обезбедува споредливост на секторскиот, регионалниот, националниот и меѓународниот пазар на труд и образование. |

| ПОИМ | | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 104 | **УСТАНОВА ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА** | Правно лице чија претежна/главна дејност е стручното образование и обука. Установи за стручно образование и обука се:<br>➲ Училиштата за стручно образование и обука кои реализираат општо и стручно - теоретско образование и практична обука;<br>➲ Регионалните центри за стручно образование;<br>➲ Центрите за обука во кои се реализира стручно-теоретстко образование и практична обука. |
| 105 | **УЧЕНИК** | Лице кое стекнува образование во училиште, учествува во воспитно-образовниот процес каде се реализираат активности кои се насочени кон негово образование, воспитување, интегрирање во општествената заедница и градење на самостојна, слободна и критичка личност. |
| 106 | **УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА (УПР)** | Учење што се одвива додека лицето работи реална работа. Оваа работа може да биде платена или неплатена, но мора да биде реална работа што е директно поврзана со производство на реални стоки и услуги.<br>Учење преку работа е стекнување знаење и вештини преку извршување и решавање на задачи во стручен контекст, или на работното место или во институција за стручно образование и обука. |
| 107 | **УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ** | Наставна програма во техничкото образование, која е дефинирана во наставните планови за секоја квалификација во рамките на сите сектори.<br>Учењето преку работа кај работодавач претставува образовна стратегија која им нуди на учениците стекнување работно искуство од реалниот живот. Учењето преку работа кај работодавач на учениците им дава можност да согледаат како наставата во училница се поврзува со светот на трудот и идните можности за кариера. |
| 108 | **УЧЕСНИК** | Лице кое се вклучува во образовните програми за возрасни и претходно ги исполнил условите во поглед на претходното задолжително образование; како и други лица кои се образуваат, а немаат статус на ученик. |
| 109 | **УЧИЛИШНА КОМПАНИЈА** | Модел на компанија во рамките на училиштето во која се стекнуваат, испробуваат и продлабочуваат знаењата и вештините на учениците. Според моделот на организирање на производниот или услужниот процес училишната/ученичката компанија може да се организира како виртуелна или реална компанија. |

Ф

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 110 | **ФЕРИЈАЛНА ПРАКТИКА** | Вид на практичната обука која претставува дополнување на практичната настава. Се применува за оние работни задачи кои не може да се реализираат во училишните работилници или лаборатории, на отворен простор, на посебна постројка или со посебна опрема. Феријалната практика училиштата ја организираат за време на училишниот распуст во траење од минимум 5 дена во една учебна година. Феријална практика е дел од наставниот план за конкретен образовен профил/квалификација, а програмата за нејзина реализација кај работодавач ја изработува училиштето во соработка со работодавач. |
| 111 | **ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ** | Институцијално образование кое се спроведува во државни и приватни установи и институции кои образуваат кадри како редовни и вонредни ученици според јавно признати наставни планови и програми. Формалното образование опфаќа основно образование, стручно оспособување, сите видови на средно образование, постсредно образование, преквалификација, доквалификација и високо образование.<br><br>Секое редовно, хиерархиско структурирано учење кое се организира во образовна институција и води до стекнување на јавно признати уверенија, свидетелства и дипломи. Тоа е хронолошки градирано и започнува од основно, па сè до високо образование. |

X

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 112 | **ХОРИЗОНТАЛНА ПРООДНОСТ** | Можност ученикот во текот на неговото образование да го менува правецот на образованието и пред завршувањето на одредено ниво на образование. Преминиите се можни под одредени услови. Хоризонталната проодност е показател на еластичноста, флексибилноста и демократичноста на системот на образование. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 113 | **ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА** | Место каде учениците се информираат за можностите за продолжување на образованието, како најдобро да се претстават себе си на интервју за работа, како да комуницираат и да ја развиваат култура на говор, односно, како да го откријат својот најдобар потенцијал.<br><br>Им обезбедува услуги на учениците и другите заинтересирани страни за подобрување на компетенциите преку обуки, семинари и консултации.<br><br>Врши истражување на пазарот на работна сила и соработува со бизнис секторот. |

| | ПОИМ | ДЕФИНИЦИЈА |
|---|---|---|
| 114 | **ЧИРАК** | Почетник занаетчија, најчесто ангажиран од мајстори за да научи занает. Обично чираците вршат рутинска работа сè додека не започнат да покажуваат таленти и да совладаат одредени вештини, а се стекнуваат со компетенции и знаења за изучување на определен занает.<br><br>Лице кое учи занает од квалификуван работодавач. |

# ЛИТЕРАТУРА


- „Поимник на термини" („MQF Glossary"), Твининг проект финансиран од ЕУ: „Понатамошно подобрување на системот за раазвој и имплементација на Националната рамка на квалификации – МК13 IPA So 0215", Скопје, 11 октомври 2017 год.;
- „Теориски и практични погледи за примена на меѓуетничката интеграција во наставничките факултети", група автори, издавач: МЦГО во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, Скопје, 2015 год.;
- „Речник на поими во образованието - македонско-албански и албанско-македонски", м-р Ардијана Исахи Палоши и м-р Ридван Зеќири, ОБСЕ, 2019 год.;
- „Поимник за стручно образование и обука", „Fjalor terminologjik për arsimin dhe trajnimin profesional", „Vocational education and training glossary", Центар за стручно образование и обука, Скопје, 2014 год.;
- „Metodologija za obezbjeđivanje i unapređivanje kvaliteta obrazovno-vaspitnog rada u ustanovama stručnog obrazovanja i obrazovanja odraslih", m-r Željko Raičević,Izdavači: Ministarstvo prosvjete, Centar za stručno obrazovanje, 2014 god.;
- „Педагошки речник", Илија Лешковски, Друштво за книгоиздателство и услуги „Вековишнина", 2002 год., Скопје;
- „Pedagoska enciklopedija 1", Redakcioni odbor, u redakciji: dr Nikole Potkonjaka i dr Petra Shimleshe, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, IRO „Skolska knjiga" Zagreb, SOUR „Svjetlost", OOUR Zavod za udzbenike i nastavna sredstva Sarajevo, Republiçki zavod za unapregjivanje vasiptanja i obrazovanja, Zavod za udzbenike i literature, Titograd, Zavod za izdavanje udzbenika Novi Sad 1989;
- „Pedagoska enciklopedija 2", u redakciji: dr Nikole Potkonjaka i dr Petra Shimleshe, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva, Beograd, IRO „Skolska knjiga" Zagreb, SOUR „Svjetlost", OOUR Zavod za udzbenike i nastavna sredstva Sarajevo, Republiçki zavod za unapregjivanje vasiptanja i obrazovanja, Zavod za udzbenike i literature, Titograd, Zavod za izdavanje udzbenika Novi Sad, 1989 god.;
- Закон за високо образование, Република Македонија, Министерство за образование и наука, 2018 год.;

- Закон за Бирото за развој на образованието (консолидиран текст) „Службен весник на Република Македонија" бр.37/2006; 142/2008; 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014 и 30/2016;
- Закон за стручно образование и обука (консолидиран текст) („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015). Република Македонија, Министерство за образование и наука;
- Закон за учебници за основно и средно образование (консолидиран текст) („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012, 24/2013, 120/2013, 29/2014, 146/2015, 217/2015 и 30/2016). Република Македонија, Министерство за образование и наука;
- Закон за Државниот испитен центар (консолидиран текст) („Службен весник на Република Македонија" бр.142/2008, 148/2009 и 41/2014). Република Македонија, Министерство за образование и наука;
- Закон за образование на возрасните (консолидиран текст) („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015 и 30/2016);
- Закон за признавање на професионалните квалификации, Република Македонија, Министерство за образование и наука;
- Закон за научно-истражувачката дејност (консолидиран текст) („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2008, 103/2008, 24/2011, 80/2012, 24/2013, 147/2013, 41/2014, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 53/2016);
- Закон за основање на национална агенција за европски образовни програми и мобилност (консолидиран текст) („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2007, 24/2011, 24/2013, 41/2014 и 145/2015);
- Закон за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр.137/2013 и 30/2016);
- Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година).